Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## РОДЕНДЕН НА ЦИРКО МЕС

На ден 24.01.2007 год. се одржа прослава на годишнината од успешното делување на Центарот ЦИРКО-МЕС ЦЕ, е-БИЗ проект финансиран од УСАИД, а под раководство на доц д-р Атанас Кочов.




На прославата свое обраќање имаше амбасадорката на САД, г-ѓа Џилијан Миловановиќ, амбасадорот на Словенија, г-дин Марјан Шифтар, директорката на УСАИД г-ѓа Патриција Раидер и деканот на МФС, проф. д-р Милан Ќосевски.

По нивното обраќање следеше презентација на уникатните можности на 3Д дигитализацијата.

Прославата заврши со пригоден коктел.

## КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" во 2007 година распиша конкурс за доделување на наградата. Таа се доделува за научно остварување објавено во 2006 година. Краен рок за доставување на предлозите е 15.02.2007 год. Содржината на конкурсот е објавена на огласната табла во деканатот.

Подетални информации кај продеканот за наука и меѓународна соработка.

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Потсетуваме за можноста да се користат ресурсите на електронската база со пристап до повеќе од 3000 научни списанија SCOPUS (www.scopus.com) при пребарувања за и реализирање на научни истражувања. On-line пристапот е овозможен од сите компјутери (IP-адреси) на МФ.

Особено е важно да се охрабруваат студентите на постдипломски студии да ја користат оваа можност.

## ИНФОРМАЦИЈА

На ден 01.01.2007 год. заврши пријавувањето на бизнис идеите за Центарот за развој на нови бизниси. Од 300 пријавени апликации селектирани се 80 кои ја почнаа десет дневната обука на 22.01.2007 г.

## КОНФЕНЕРЦИИ

Имајќи во предвид дека во овој период, помеѓу двата семестри, можеби имате малку слободно време кое можете да го искористите за подготовка на научна статија, во продолжение се наведени линкови за конференции кои ќе се одржат во 2007 год.:

- **ETAI 2007** (www.etai.org.mk ; etai2007 @etai.org.mk)
- **ICIT&MPT 2007** (www.tecos.si/icit;icit @tecos.si
- **CIM 2007** (www.fsb.hr/cim )
- **AMME 2007** (http://www.amme.pl)
- **PLM 2007** (www.plm-conference.org )
- **ICE 2007** ( www.ice-conference.org
- **MSE2007** http://conferences.ulbsibiu.ro /mse2007

## ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Ве известуваме дека изложбата на фотографиите која требаше да се одржи последната недела во декември е одложена за месец февруари.

Причината за одлагање е тоа што колегите од ФЕИТ (ЕТФ) имаат собрано недоволен број на фотографии од нивните вработени.

Значи има и посрамежливи од нас, но не и пофотогенични!

## О Т С У С Т В А

1. Асс. м-р Ана Лазаревска реализира службено патување во Австри-ја во период од 9-16.01.2007 год. Цел на патувањето е учество на Меѓународна конференција со презентација на сопствен труд.

2. Проф. д-р Делчо Јованоски, проф. д-р Јован Лазарев, проф. д-р Роберт Миновски и дипл.инж. Бојан Јованоски оствариja службено патување во Австрија и Германија во период од 21 до 26.01.2007 год. Цел на патувањето беше посета на партнерски институции заради продолжување на активностите за реализација на ТЕМПУС проектот (QUALIMIM).

3. Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев релизира службено патување во Србија во период од 21 до 23.01.2007 год. Цел на патувањето беше студиски престој на Машинскиот и Технолошко-металуршкиот факултет во Белград заради продолжување на активностите за меѓусебна соработка.

4. Доц. д-р Никола Тунески реализира службено патување во Грција на 23 и 24.01.2007 год. Цел на патувањето беше студиски престој на Аристотеловиот универзитет во Солун заради продолжување на активностите за реализација на научно-истражувачки проект.

## П Р О М О Ц И Ј А

Промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи на ден 16.02.2007 во 12 часот во амфитеатарот на МФС.



Нормално, присуството на наставниот кадар и другите вработени е повеќе од пожелно!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.02.2007**
**26 СЕДНИЦА НА ННС**

**16.02.2007**
**ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ**
***(амфитеатар, почеток во 12 часот)***

**23.02.2007**
**27 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2007, јануари, број 57**

# ФАКУЛТЕТСКИ
# ИНФОРМАТОР

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Интензивно се одвива реализацијата на последните проверки на знаењата на студентите и на планираните активности во XVI, XVII и XVIII недела од зимскиот семестар по новите студиски програми.

Во изминатиов период се доoформува водичот за студирање во летниот семестар. Наскоро истиот ќе биде поставен на веб страната на факултетот.

Во тек се подготовки за промоцијата на дипломираните студенти како и подготовки за претстојниот летен семестар.